

По увидот во објектот „Мала станица“

# Меѓу идејното и материјалното

По повод реакциите во јавноста по објавувањето на веста дека објектот “Мала станица“ ќе биде претворен во “Куќа на уметностите на земјите од Југоисточна Европа“ вчера во текот на три часа Министерството за култура го отвори на увид на сите заинтересирани граѓани и медиуми, Министерството реши да им овозможи на сите заинтересирани да ја регистрираат актуелната состојба во која се наоѓа културниот центар “Мала станица“.

Поентата на ставањето на увид на јавноста на состојбата на објектот е тврдењето на Министерството дека договорот склучен со Културниот центар “Мала станица“, односно со Слободан Унковски, подразбира користење на објектот без надомест, но со обврска за негово реновирање и адаптирање, што ќе рече дека едностраното раскинување на договорот од страна на Владата е оправдано. Инаку, станува збор за еден исклучителен простор, голем, подaтен за секаков вид, а особено за уметничка презентација, во самиот центар на градот.

За тоа во каква состојба е објектот двете страни имаат свои објаснувања, од Министерството го обвинуваат Унковски дека не го адаптирал и одржувал објектот, додека Слободан Унковски тврди дека пред да биде договорот еднострано раскинат во 2000 година, две години безуспешно се обидувал да добие дозвола за адаптација. Какò и да е, она што пред сè ги интересира медиумите и културните работници е идејното решение како рефлексија на состојбата во културата во земјата. А таа идеја во многу нешта е спорна и проблематична и тоа дефинитивно не ја менува состојбата (запуштеност и влага) во која се наоѓа споменатиот објект.

(С.У.)